З А П И С Н И К

од 13- тата редовна седница на Советот на Општина Валандово

одржана на 31.08.2026 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 13.оо часот. Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова.

На седницата присутни беа 14 членови на Советот на Општината, градоначалникот и претставници од општинската администрација.

Отсутен беше советникот Ерсан Фетиков.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и Општина Валандово и се емитуваше во живо.

Претседателката на Советот Марија Чурлинова за 13-тата редовна седница го предложи следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д:

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2026 година до 30.06.2026 година;
2. Годишен план за вработување на Општина Валандово за 2027 година;
3. Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година;
4. Годишен план за вработување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2027 година;
5. Предлог – Решение за престанување на мандатот и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово;
6. Предлог – Одлука за измена на Одлука за формирање на Орган за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка" Валандово;
7. Годишен извештај за работата на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за учебната 2025/2026 година;
8. Годишна програма за работа на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за учебната 2026/2027 година;
9. Предлог - Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев" Валандово за учебната 2026/2027 година;
10. Годишен извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за воспитната 2025/2026 година;
11. Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за воспитната 2026/2027 година;
12. Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2027 година;
13. Одлука за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број;

14. Годишен план за вработување на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај” Валандово за 2027 година
15. Предлог - Одлука за одобрување финансиска поддршка за реализација на програмски активности на „ЖФК Победа Валандово 16“ Валандово;
16. Предлог - Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружението за спорт фудбалски клуб „ПОБЕДА КИДС” Валандово за реализација на програмски активности;
17. Предлог - Измена на Годишен план за вработување на Општина Валандово за 2026 година,
18. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на Училишен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности; *
19. Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2026/2027 година;
20. Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за учебната 2026/2027 година.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Никој не се јави со предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред и истиот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА беше усвоен.

ТОЧКА 1

По Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2026 година до 30.06.2026 година образложение немаше поради тоа што беше образложен на претходната седница од претставник од администрацијата на Општина Валандово Славица Тајтаева, вработена во одделението за финансии.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и со 8 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ беше изгласан.

ТОЧКА 2

По Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2027 година образложение имаше Стефан Димитров, вработен во општинската администрација.

Немаше пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА .

ТОЧКА 3

По Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година образложение даде директорот Каме Ѓоргиевски.

Беше отворена расправа.

Надица Недиќ се јави за збор. Побара објаснување од директорот за проблемот со водата во Валандово. Рече дека според одговорот на Барањето по Закон за слободен

пристап до информации од јавен карактер до Институтот за јавно здравје, на 11.06.2026 година е земен примерок од водата за пиење, на 02.07.2026 се добива извештај за зголемено присуство на арсен, на 06.07.2026 година е известено ЈП од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство, на 14.07 2026 година е заверено известувањето во ЈП, а јавноста е известена дури на 22.07.2026 година.

Директорот одговори дека 06.07.2026 година тој бил отсутен од државата, а на 12 му се јавиле дека има известување.

Надица Недиќ повторно се јави за реплика. Рече дека на 14.07.2026 година има приемен печат од ЈП дека водата не е безбедна. Зошто дури на 22.07.2026 година се објавува.

Тања Атанасова се јави за збор. Рече дека во Извештајот на ЈП стои дека приходи од водоводни услуги во 20025 година биле 44 808, додека во 2026 година се двојно помалку. На што се должи тоа?

Директорот Каме Горгиевски одговори дека приходите од таа услуга во 2025 година се поголеми поради тоа што биле 4 вработени водоинсталатери за тие услуги, а во 2026 се 2, поради пензионирања.

Тања Аанасова се јави за реплика. Рече дека тој е веќе 10 месеци на функција и доколку има потреба од нив можело да се примат нови.

Данче Ѓоргиева даде свое видување на овој проблем. Рече дека таа ги побарала анализите од Завод за здравствена заштита од 2022 година до 2025 година и тие се пред неа. Во тие анализи се гледа дека водата за пиење во повеќе наврати е неисправна за пиење, а граѓаните не биле воопшто информирани за тоа. Посочи неколку примери од 01.месец 2025 година кога присуството на манган од 50 мг/л е зголемено на 288 мг/л во повеќе населени места, а не е издадена никаква забрана. Од мерно место чешма од СОУ,,Гоце Делчев,, присуството од 50 мг/л било зголемена на 2260 м/л, водата од Грчиште од 50 мг/л била зголемена на 1830 мг/л, водата од Удово 1180 мг/л, пумпа Чалакли 315 мг/л, Јосифово ООУ,,Страшо Пинџур,, 950 мг/л, повторно Јосифово ООУ,,Страшо Пинџур,,1280 мг/л. Рече дека треба да се престане со обвинувања и секој да си ја работи работата.

Надица Недиќ рече дека тогаш имало директори и за нивната работа тие нека си понесат одговорност.

Момчило Павлов се јави за збор. Рече дека треба да се престане со ова навидум голема загриженост и дека не треба да се прави циркус,бидејќи водата не е за играње. Се наметна и проблемот со градинката во Брајковци дека е од водата, па на крај дека не е од тоа. Рече дека трезвено треба да се одлучува за секој чекор. Од директорот рече дека бара секој добиен документ да биде објавен, без разлика дали им се допаѓа или не. Бидејќи кога претходно не им се допаѓале анализите, тие не биле објавени .

Надица Недиќ појасни дека во ниеден момент таа не направила циркус, зборувала само со факти и не ширела паника.

Момчило Павлов се јави со контрареплика. Рече дека етикетата за правење циркус ја кажал заради цела фама која се направи околу водата за пиење и другите здравствени проблеми.Рече дека знае дека не може да се влијае на составот на водата,ако се преврие може да се користи, но во претходните години било страшно кога не се објавувале резултатите.

Крсте Тодоров се јави за збор. Рече дека до ИЈЗ е поденесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер има одговор дека во периодот од 01.04.2026 година до 04.08.2026 година од водоводите од Чалакли, Дедели и Раброво се немаат земено мостри и дека тоа се прави на барање на ЈП Комунален сервис.

Директорот Каме Ѓоргиевски одговори дека се работи за истата линија со Валандово и затоа не се зема од секаде.

Крсте Тодоров праша дали се земаат мостри од чешмата или од пумпата.

Директорот Каме Ѓоргиевски одговори дека ИЈЗ самите одлучуваат од каде ќе земат мостри.

Верица Зајкова Стојанова праша за пожарот во градската депонија кој беше објавено дека е над неа, а потоа се проширил во неа, дали е утврдена причината за настанувањето на истиот.

Градоначалникот одговори дека полицијата утврдува точно од каде е потикнат пожарот,но тоа не е толку важно, важно е што брзо е интервенирано и очекувал наместо испрашување да се пофали брзата реакција на сите инволвирани страни: ТППЕ, шумско стопанство,шумска полиција, ер трактори. Рече дека сега депонијата и резервоарот за вода ќе бидат под 24 часовен надзор и со тоа ќе се подигне безбедноста. Рече дека сите возила, и на ТППЕ и на ЈП ќе бидат ставени во ф-ја, иако се стари. Рече дека не е во ред сега да се кажува дека е задоцнето со известувањето, а за 20, 30 и 40 пати зголемено количество на манган во водата за пиење да се премолчува. Рече треба да се поведе кривична постапка против сите инволвирани, поради атак врз здравјето на граѓаните. За 3 години да се направат само 3 анализи, а треба да се прават 2 пати годишно. А манганот се контролира со редовните контроли. Тој што не известил треба да се казни.А без решение од АХВ не смее да се забрани водата .

Верица Зајкова Стојанова рече дека тие што треба да одговараат, нека одговараат. За пожарот рече дека треба да се пофали брзата реакција, но депониите се стваараат и во приватни имоти, а не се превзема ништо. Од АХВ кога ќе се добијат анализите треба граѓаните да се известат, без разлика што нема решение.

Надица Недиќ се јави за збор. Рече дека не е точно дека порано не било известувано за неисправноста на водата, кога има известување водата да не се користи поради хиперхлорирање.

Ѓоко Камчев со хиперхлорирање проблемот со манганот не се решава, и не е доволно само да се повикат граѓаните да не ја користат водата. 40 пати зголемена концентрација е еднакво на убиство. Никој не бил виновен за составот на водата, но за лагата се виновни и тоа што од 20 хлоринатори останале да работат само со 1 . Сега во тек е набавка на нови, секој резервоар ќе си добие нов хлоринатор.

Денис Караелмазов даде забелешка дека депонијата во Сува Река и кога не гори, постојано чади и тоа е штетно за граѓаните.

Градоначалникот рече дека има такви материјали кои кога ќе се запалат многу тешко се гасат. Рече дека забелешката е на место. Депониите се најголемата опасност по здравјето на граѓаните и реален проблем. ЈП ќе набави гасеничари и тогаш депонијата ќе се стави под контрола.

Претседателка на Советот Марија Чурлинова зема збор. Рече дека за таа селективна загриженост стануваше збор и во претходниот Совет. Кога таа праша што се направило

претходно кога во Пирава наместо хлор се ставило бензин, кога советничката Надица Недиќ беше советничка и во тој мандат и за 40 пати зголемена концентрација на манган, да не се превземат никакви мерки. На 12.05.2026 година има известување водата да не се користи и дека е празнет резервоарот и после празнењето на 14.05.2026 година се зема примерок и во извештојат стои дека водата е безбедна за пиење.

Надица Недиќ одговори дека не знае и не може да тврди, бидејќи не е од Пирава, но праша какви резултати имаше кога водоводот беше под надлежност на МЗ.

Претседателка на Марија Чурлинова повторно праша. Што направи таа и како беше загрижена кога 8 години беше на власт, зошто го оставиле водоводот да не биде превземен 8 години и ги оставиле граѓаните да бидат небезбедна вода.Таа упати прашање до директорот, дали секогаш се празни резервоарот кога се зема анализа.

Директорот одговори дека не се празни резервоарот кога се зема анализа.

Претседателка на Марија Чурлинова констатираше дека се прикривало нешто што не треба да биде за јавност.

ТОЧКА 4

По Годишен план за вработување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2027 година образложение имаше директорот Каме Ѓоргиевски. Рече дека за 2027 година планирани се 8 вработувања поради зголемен обем на работа.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Данче Ѓоргиева. Рече дека на Комисијата за општествени дејности стана збор за одржување на градските гробишта во Валандово и се предложи да се направи група од повеќе вработени (2-3) кои ќе работат на одржување на сите гробишта во Општината.

Немаше пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Предлог – Решението за престанување на мандатот и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово образложение имаше Мартин Мишков. Рече дека поради оставка на претходниот член Данче Коцевска се именува Невенка Илиева.

Немаше пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 12 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 6

По Предлог – Одлука за измена на Одлука за формирање на Орган за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка" Валандово повторно образложение имаше Мартин Мишков.Р ече дека поради оставка на претходниот член Данче Коцевска се именува Данче Петковска Челова.

Немаше пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 12 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Годишниот Извештај за работата на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за учебната 2025/2026 година образложение имаше директорот на училиштето Милан Гугицев.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Годишната Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за учебната 2026/2027 година повторно излагање имаша директорот Милан Гугицев.

Данче Ѓорѓиева се јави за збор. Рече дека се надева дека успехот на учениците ќе се зголеми во оваа учебна година и ја наметна дилемата дали не треба да се воведе училишна униформа кај учениците.

Директорот Милан Гугицев одговори дека денес на учениците им е прочитан кодексот на однесување. За идејата за униформа рече дека може да се разговара и да проба да се воведе, но тоа е постапка која треба да помине низ повеќе инстанци, додека да се донесе крајна одлука.

Верица Зајкова Стојанова се јави за збор. Рече дека во Годишната Програма која е доставена до нив, стои име на една наставничка, додека истата од наредниот ден нема да биде на работа и ќе биде заменета со друга. И праша дали тоа е во ред?

Директорот Милан Гугицев одговори дека договорот на наставничката и е до 31.08.2026 година и од 01.09.2026 треба да се склучи нов. На оглас се јавиле 2 кандидатки и според правилата и критериумите, избрана е друга наставничка која исто така е соодветна и има поголем успех од претходната.

Верица Зајкова Стојанова праша за постапката, дали одлучува УО или директорот, бидејќи претходната наставничка има стаж во училиштето од неполни 5 години.

Директорот Милан Гугицев одговори дека УО спроведува постапка, ги разгледува документите и дава предлог до директорот. Во овој случај до него биле доставени 2 кандидати и тој одлучил за еден.

Тања Атанасова се јави за збор. Рече дека таа има сознание дека сите членови на УО одлучиле за само еден кандидат.

Директорот Милан Гугицев одговори дека до него стигнал предлог за 2 кандидати и тој одлучил за еден.

Немаше никој друг за дискусија па Годишната Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за учебната 2026/2027 година беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА , 1 ПРОТИВ и 4 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 9

По Предлог - Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2026/2027 година немаше пријавено за дискусија , па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА

ТОЧКА 10

По Годишен Извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за воспитната 2025/2026 година образложение имаше директорката Гордана Кочева.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Надица Недиќ. Даде забелешка дека во извештајот никаде не е спомнато за настанот во градинката во с.Брајковци кој бил предмет на инспекциски надзор. Има документ за затварање на објектот поради небезбедна храна, изречени се прекршочни постапки, платени се глоби и издадено е Решение за престанок и забрана за работа. Зошто ништо не е кажано во Извештајот и зошто Советот нема никаква информација за тоа. Рече дека таа не измислува ништо, не шири невистини и зборува врз основа на факти. Сите

документи се добиени врз основа на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Директорката Гордана Кочева даде одговор дека кога е правен извештајот во јули, сеуште немало целосен извештај за случајот од сите инспекциски служби и затоа го немаат спомнато.Инаку рече дека сите наоди од брисевите од површините и наодите од брисевите од вработените се негативни.

Надица Недиќ праша: Со какви информации располагаат од надлежните, за храната има позитивен наод дека не ги задоволува потребите.

Директорката Гордана Кочева даде одговор дека има повеќе контрадикторности. Имало и возрасни луѓе кои не биле на градинка и не јаделе од храната, а ги имале истите симптоми.

Градоначалникот се јави за збор.Рече дека се додека не се утврдат точно причините, не може да се спомнува во Извештајот. Тоа може да се направи во наредниот Извештај.

Донателa Пејовска се јави за збор. Рече дека во минатите седници беше кажано дека ДГ Калинка има 3 000 000 денари долг и прашува дали се превземени чекори за надминување на состојбата и каква е сега.

Директорката одговори дека благодарение на Општина Валандово која помага, долговите за струја, за горива, за вода, за храна се плаќаат, но вкупниот долг сега е 3 500 000 денари. Сметката е одблокирана, но состојбата и понатаму не е добра. Има доста средства кои се плаќаат на основа на камати.

Градоначалникот Ѓоко Камчев зема збор. Рече дека градинката има потпишано штетен договор за набавка на нафта со 50% дневна затезна камата.Зошто се направило тоа и зошто долго време договорот се криел во фиока, треба да се види. Рече дека општината ќе се обиде општинските установи да ги застане на прави нозе.

Верица Зајкова Стојанова праша: Во врска со земените мостри, се објавува дека најверојатно се работи за стомачен вирус, зошто не се објави дека се работи за небезбедна храна.

Претседателката на Советот Марија Чурлинова рече дека никој не тврди и не негира. Констатирана е неправилност, но не значи дека последиците се од тоа.

Верица Зајкова Стојанова се јави за контрареплика. Рече дека на спроведувањето на вонредниот надзор, по добивањето на позитивните анализи, започната е прекршочна постапка, изречени се прекршочни мерки и забрани и можело да биде и ова објавено, по објавеното за стомачен вирус.

Директорката одговори дека никаде немало објавено дека се работи за стомачен вирус. Контролите се редовни, а резултатите се негативни.

Верица Зајкова Стојанова рече дека можеби не од нив, но во јавноста се објави од страна на доктор епидемиолог дека се работи за труење.

Директорката Гордана Кочева даде одговор дека сите наоди од брисевите од површините, предмети и од вработените се негативни.

Немаше други пријавено за дискусија и Годишен Извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка” Валандово беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 11

По Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за воспитната 2026/2027 година повторно образложение имаше директорката Гордана Кочева.

Немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 12

По Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2027 година образложение имаше повторно директорката Гордана Кочева.

Немаше пријавено за дискусија и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 13

По Одлуката за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 14

По Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај” Валандово за 2027 година директорот Виктор Давчев даде образложение.

Тања Атанасова се јави за збор. Праша за кои работни места се работи .

Директорот Виктор Давчев одговори дека се работи за библиотекар, сметководител и портир.

На прашањето каква функција има вработениот портир, директорот одговори дека се работи за постар вработен со 40 години работен стаж, со повеќе работни задачи: обезбедување, портир, билетар.

Данче Ѓорѓиева зема збор. Рече дека со инклузија на технологијата не е потребен портир. Библиотекар веќе има, дали е потребен уште еден. Подобро е да се преименува работното место во друго.

Претседателката на Совет Марија Чурлинова додаде дека се работи за стари работни мест , но доколку се промени систематизацијата може да се преименуваат во друго.

Немаше други пријавено за дискусија па По Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај” Валандово за 2027 година беше ставен на гласање и изгласано со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 15

По Предлог - Одлука за одобрување финансиска поддршка за реализација на програмски активности на „ЖФК Победа Валандово 16“ Валандово во износ од 60 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 16

По Предлог - Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружението за спорт фудбалски клуб „ПОБЕДА КИДС” Валандово за реализација на програмски активности во износ од 100 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 17

По Предлог - Измена на Годишен план за вработување на Општина Валандово за 2026 година, образложение даде Стефан Димитров, вработен во општинската администтација.

Немаше пријавено за дискусија, па беше ставен на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 18

ПО Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на Училишен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности во износ од 60 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 19

По Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2026/2027 година немаше пријавено за дискусија и беше ставено на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 20

По Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за учебната 2026/2027 година немаше пријавено за дискусија и беше ставена на дискусија и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Со ова се исцрпи дневниот ред.

Претседателката на Советот Марија Чурлинова рече додека траела седницата граѓаните упатиле прашање за дефектор на системот за наводнување Бојмија.Таа се обидела да го дознае одговорот на прашањето. Рече дека од надлежните служби се одговара дека увидот на дефектот сеуште трае, но се знае дека се работи за оштетување на системот кој настанал од невремето, од електрични празнења и кога ќе се знае се ќе се работи на отстранување на дефектот.

Бранко Ѓоргиев се јави за збор. Рече дека како советник во Советот на општина Валандово гласал за давање под закуп на објект во с. Удово и како граѓанин од тоа село заедно со советникот Мартин Мишков имаат одговорност да известат дека фирмата на која се дадени просториите под закуп ништо не работи и наместо реконструкција уште повеќе го уништува објектот. Да се задолжат службите да ја испитаат состојбата и да видат дали се придржува според договорот.Исто така упати едно барање од граѓаните од с. Удово до градоначалникот, да се заложи пред надлежното јавно претпријатие Македонски пошти и да помогне да се прими човек во поштата во Удово, на упразнето место со пензионирање, поради тоа што имаат потреба од услугите на поштата, не само граѓаните од с. Удово, Јосифово, Давидово и др.

Марија Чурлинова одговори дека ќе се завземат за пополнување на работното место во поштата, а за објектот во с. Удово, треба да се испита дали догоорот се почитува и доколку не, странката треба да одговара.

Записничар:
Соња Христова Јовановиќ

Претседател на Совет на Општина Валандово
Марија Чурлинова